# ОПШТИ ПРАВИЛА И
# УСЛОВИ НА РАБОТЕЊЕ

СКРИН МЕДИА доо - Скопје
01 октомври 2010

## ВОВЕД

(SCREEN MEDIA) СКРИН МЕДИА доо со адреса Борка Талески бр.12Б Скопје, на Клиентите им ги дава на располагање сите свои потенцијали и овозможува посебни услуги во областа на надворешното /оутдоор/ огласување.

Посебните услуги кои SCREEN MEDIA им ги дава на Клиентите и благовременото извршување на истите, бараат воспоставување на поединечни општи правила. Клиентите може да бидат сигурни дека SCREEN MEDIA совесно и професионално ќе ги изврши сите услуги од областа на оутдоор огласувањето. Целта на Општите правила и услови на работење на SCREEN MEDIA (во понатамошниот текст: Општи услови на работење) е воспоставување на јасни и обврзувачки правила за Клиентите и за SCREEN MEDIA во поглед на извршување на услугата на надворешно огласување.

Општите услови на работење се правосилни и имаат важност на договор. Ако посебно во писмен облик не е договорено на друг начин, SCREEN MEDIA не прифаќа обврски и одговорности освен оние кои се регулирани со овие Општи услови на работење.

SCREEN MEDIA ќе ја почитува тајноста на условите на секоја поединечна работа со Клиентите како и податоците за нив, а се во согласност со меѓународната пракса и релевантните закони и другите прописи.

## 1. ОПШТИ УСЛОВИ НА РАБОТЕЊЕ

**1.1.** ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ НА РАБОТЕЊЕ НА SCREEN MEDIA (во понатамошниот текст: општи услови) ги регулираат општите правила и услови по кои SCREEN MEDIA понудува, а Клиентите земаат под закуп, за огласување, надворешен /оутдоор/ и внатрешен /индоор/ рекламен простор на SCREEN MEDIA кои се наоѓаат на територија на Р.Македонија, односно ги регулираат правилата и обврските на договорните страни по повод огласување на истите.

**1.2** Овие општи услови се применуваат на сите резервации, понуди и потврди на резервации и на сите договори за огласување на надворешен и внатрешен рекламен простор на SCREEN MEDIA.

Општите услови на работење на SCREEN MEDIA како прилог преставуваат составен дел од агенциските годишни протоколи за соработка и составен дел на поединечните договори склучени со Клиентите.

**1.3** Во случај на несогласување на некои одредби од овие општи услови и поединечни одредби на резервацијата, прифакање на резервацијата и поединечните договори, важност има ова последното.

**1.4** Овие општи услови важат за огласување на територија на Р.Македонија почнувајќи од 01.09.2010 година.

## 2. РЕКЛАМЕН ПРОСТОР

**2.1.** SCREEN MEDIA дава на Клиентите во закуп, поради рекламирање, огласен простор на територија на РМ (во понатамошниот текст: рекламни простори на SCREEN MEDIA). Рекламните простори на SCREEN MEDIA се сопственост на SCREEN MEDIA, или во сопственост на други лица, а кои SCREEN MEDIA има право да ги користи.

**2.2.** Рекламни простори на SCREEN MEDIA се следните типови и формати:

- тип Билборад осветлен / неосветлен (димензии 4м x 3м )
- тип Мегалајт осветлен( димензии 4м x 3м и 8м x 3м )
- тип Бигбоард не/осветлен/( димензии 10м x 5м )

**2.3.** Уклучување и исклучување на осветлувањето на рекламните простори е регулирано со сезонскиот режим на работа на јавното осветлување во градовите каде што се наоѓаат рекламните простори.

**2.4.** Клиентот не може, по склучување на договорот, да се повика дека не бил

запознаен со техничките карактеристики и рекламните можности на секој тип од закупениот рекламен простор.

**2.5.** Во Договорот со клиентот се дефинира точниот број, тип и локации /адреси / на закупениот рекламен простор. Закупот на еден огласен простор подразбира закуп на еден рекламен простор (лице). Ориентација на лицето од рекламниот простор се гледа во однос на движење на сообраќајот.

**2.6.** Во Договорот со клиентот се дефинира датумот на започнување и траење на рекламната кампања на закупените рекламни простори /период на закуп/.

**2.7.** Со Анекс во писмена форма во прилог на Договорот може да се врши негово дополнување со прецизирање на точниот датум на започнување со огласување на дополнителните рекламни простори (по тип, број и адреса на локациите).

**2.8.** Клиентот нема право на промена на списокот на закупените рекламни простори (број, тип, локации) како и промена на периодот на закуп за време на траење на договорот освен ако со тоа не се согласи SCREEN MEDIA со склучување на Анекс во писмена форма.

**2.9.** Клиентот нема право да го издава на трети лица во подзакуп огласниот простор од рекламните простори закупени од SCREEN MEDIA, освен ако како Клиент не се јави лице чија област на работење е закуп на медиски простор (маркетинг агенција, агенција за медиабуѕинг и сл.) со тоа што ова мора однапред да и биде познато на SCREEN MEDIA.

## 3. ОБВРСКИ НА СМ

**3.1.** SCREEN MEDIA изјавува дека на сите свои рекламни простори кои ги изнајмува на Клиентите има право на сопственост односно непречено право на користење врз основа на важечки договори со сопствениците како и право на поставување врз основа на согласност од надлежните органи.

**3.2.** На закупените рекламни простори се поставуваат рекламните материјали на Клиентот.

**3.3.** SCREEN MEDIA. рекламниот материјал на Клиентот на сите закупени рекламни простори ќе го постави веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа почнувајќи од првиот ден на договорениот период на закуп. Ако на некој од закупениот рекламен простор не биде поставен рекламниот материјал во овој рок, SCREEN MEDIA ќе му го признае на Клиентот периодот на неогласување, под услов да Клиентот писмено го извести SCREEN MEDIA за пречекорување на рокот и да SCREEN MEDIA и во следните 24 часа од приемот на известувањето не го постави рекламниот материјал.

SCREEN MEDIA во тој случај, во договор со клиентот, или ќе го продолжи периодот на огласување на таквиот рекламен простор, или ќе го намали надоместот за закуп, сразмерно на задоцнувањето и бројот на рекламни простори за кои е признаен периодот на неогласување.

**3.4.** SCREEN MEDIA ќе ја контролира техничката исправност на рекламните

простори и недостатоците ќе ги отстранува во рок од 24 часа од приемот на писмено известување од Клиентот за забележани недостатоци (промена на сијалица, скршено стакло, оштетен рекламен материјал, поправање на постаментите и други оштетувања). По истекот на овој рок секоја техничка неисправност на рекламниот простор која сеуште не е отстранета во следните 24 часа, се признава на Клиентот како еден ден на неогласување на истиот.
**3.5.**Во случај некој од рекламниот простор да не е осветлен постојано, за цел период на работа на јавното осветлување во текот на еден ден, сметајќи од завршување на рокот од 24 часа од приемот на писмено известување од Клиентот за забележаната неисправност, SCREEN MEDIA му признава на Клиентот половина ден неогласување на истиот. Одредбите од оваа точка не се применуваат ако причината за неосветлување е прекин во работата на јавното осветлување.

**3.6.** SCREEN MEDIA во целост ги поднесува сите трошоци на едно поставување и постојано одржување на рекламниот простор за целиот период на закуп. Доколку за времетраење на закупот, дојде до оштетување на рекламниот материјал, SCREEN MEDIA настанатите оштетувања ќе ги отстрани со поставување на нов рекламен материјал кој ќе го обезбеди Клиентот, доколку во договорот не се предвиди на друг начин.

**3.7.** Надоместот за закуп на рекламниот простор за договорениот период на закуп опфака едно поставување и едно отстранување на рекламниот материјал, не сметајки промена на оштетениот рекламен материјал по
член 3.6. Секое дополнително поставување или ротирање на рекламниот материјал ќе биде посебно пресметано и фактурирано на Клиентот согласно ценовникот за дополнителни услуги и оперативни трошоци на SCREEN MEDIA со важност на денот на фактурирање.

**3.8.** SCREEN MEDIA го задржува правото на промена на договорениот период на закуп во текот на траење на предизборни кампањи и тоа 30 дена во текот на календарската година. Во текот на овој период SCREEN MEDIA на сите неполитички огласувачи ќе им го признае периодот на неогласување кој ќе се надомести по истекот на предвидениот период од 30 дена.

**3.9.** Сите авторски права и право на заштитените знаци кои се користат или се во врска со рекламниот материјал на Клиентот, остануваат исклучиво во сопственост на Клиентот и SCREEN MEDIA нема да се обиде да регистрира или искористи било кој од заштитените знаци во свое име.

## 4. РЕЗЕРВАЦИЈА И ПОТВРДА НА РЕЗЕРВАЦИЈАТА

**4.1.** Клиентот извршува резервација на рекламниот простор за закуп врз основа на уредно барање во писмена форма со задолжително именување на називот на рекламната кампања, називот на огласувачот, периодот на закуп и број на рекламни простори односно лица по типови и градови. Барањето мора да биде благовремено, односно доставено најмалку 31 ден пред планираниот датум на започнување на закупот.

**4.2.** SCREEN MEDIA се обврзува да по уредно и благовремено барање од Клиентот, изврши резервација во писмена форма. Резервацијата има правно дејство на понуда. Оваа понуда за SCREEN MEDIA е обврзувачка во периодот означен во самата резервација - опција на понудата.

**4.3.** Писмената потврда на резервација за одредена рекламна кампања од страна на Клиентот доставена во рок даден во резервацијата / во опција на понудата/ има правно дејство на прифаќање на понудата: обврзувачка е за Клиентот почнувајќи од моментот кога SCREEN MEDIA ја добива потврдата за резервација.

**4.4.**За потврда на резервацијата доспеана по завршување на рокот даден во резервацијата односно по завршување на опција на понудата, SCREEN MEDIA нема било какви обврски кон Клиентот во однос на рекламниот простор кој е понуден на Клиентот во резервацијата.

**4.5.** SCREEN MEDIA го задржува правото на измена до 10% локации од списокот кои се претходно прифатени од страна на Клиентот.

## 5. ОТКАЖУВАЊЕ ИЛИ ПОМЕСТУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ НА ЗАКУП

**5.1.** Во случај да Клиентот го откаже закупот или помести периодот на закуп на рекламниот простор по приемот на потврдата за резервација од SCREEN MEDIA, важи следново:

а) ако откажувањето или поместувањето на резервираниот период на закуп односно на рекламната кампања е направено до 31 ден пред резервираниот почеток на закуп, Клиентот не сноси никакви последици;
б) во случај да Клиентот го откаже или помести резервираниот период на закуп односно на рекламната кампања, 30-16 дена пред резервираниот почеток на закуп, Клиентот е должен да на SCREEN MEDIA и исплати износ од 50% од нето вредноста на закуп на рекламните простори на SCREEN MEDIA како однапред утврден износ на штета која ја SCREEN MEDIA ја претрпува, а која штета Клиентот е должен да ја надомести;

в) во случај да Клиентот го откаже или помести резервираниот период на закуп односно на рекламната кампања, 15-8 дена пред резервираниот почеток на закуп, Клиентот е должен да на SCREEN MEDIA и исплати износ од 75% од нето вредноста на закуп како однапред утврден износ на штета која SCREEN MEDIA ја претрпува, а која штета Клиентот е должен да ја надомести;
г) во случај да Клиентот го откаже или помести резервираниот период на закуп односно на рекламната кампања, 7 дена или пократко пред резервираниот почеток на закуп, Клиентот е должен да на SCREEN MEDIA и исплати износ од 100% од нето вредноста на закуп како однапред утврден износ на штета која ја SCREEN MEDIA ја претрпува, а која штета Клиентот е должен да ја надомести.

**5.2.** Во случај да Клиентот со кој е склучен годишен договор за огласување, за времетраење на годишниот договор ги откаже или помести резервираните рекламни кампањи, односно периодите на закуп на рекламните простори на SCREEN MEDIA, важи следново:

а) ако откажувањето или поместувањето на резервираните рекламни кампањи е направено до 45 дена пред резервираниот почеток на рекламната кампања, Клиентот не сноси никакви последици;
б) во случај да Клиентот го откаже или помести резервираниот период на закуп 44-31 дена пред резервираниот почеток на закуп, Клиентот е должен да на SCREEN MEDIA и исплати износ од 50% од нето вредноста на закупот како однапред утврден износ на штета која SCREEN MEDIA ја претрпува, а Клиентот е должен да ја надомести;

в) во случај да Клиентот го откаже или помести резервираниот период на закуп на рекламните проестори на SCREEN MEDIA, 30-16 дена пред резервираниот почеток на закуп, Клиентот е должен да на SCREEN MEDIA и исплати износ од 75% од нето вредноста на закупот како однапред утврден износ на штета која SCREEN MEDIA ја претрпува, а Клиентот е должен да ја надомести;
г) во случај да Клиентот го откаже или помести резервираниот период на закуп на рекламните простори на SCREEN MEDIA, 15 дена или пократко пред резервираниот почеток на закуп, Клиентот е должен да на SCREEN MEDIA и исплати износ од 100% од нето вредноста на закупот како однапред утврден износ на штета која SCREEN MEDIA ја претрпува, а Клиентот е должен да ја надомести.

**5.3.** Како ден на откажување или поместување на рекламната кампања се смета оној ден кога SCREEN MEDIA ќе добие од Клиентот во писмена форма откажување / поместување на рекламната кампања.

**5.4.** Клиентот не може да каже дека не бил запознаен со последиците во случај на откажување и поместување на резервираниот период на закуп на рекламната кампања, содржани во овие општи услови.

## 6. РЕКЛАМЕН МАТЕРИЈАЛ

**6.1.** На закупениот рекламен простор на SCREEN MEDIA, Клиентот ја огласува рекламната кампања преку рекламен материјал.
**6.2.** Во договорот со Клиентот се дефинира начинот на обезбедување на рекламниот материјал потребен за огласување на закупениот рекламен простор на SCREEN MEDIA.

а) Доколку на друг начин не е договорено во договорот со Клиентот, се смета дека Коминтентот има обврска сам да го обезбеди рекламниот материјал за огласување на закупените рекламни простори на SCREEN MEDIA и истиот да го предаде на SCREEN MEDIA, во магацинот на SCREEN MEDIA најдоцна до петок до 17.00 часот за рекламна кампања која треба да започне следниот понеделник. Рекламниот материјал во целост треба да биде во согласност со техничко-технолошките стандарди за конкретен тип на закупен рекламен простор на SCREEN MEDIA кои на Клиентот претходно му се доставени.

SCREEN MEDIA му ги дава техничките стандарди на Клиентот за изработка на рекламниот материјал за секој тип на рекламен простор на SCREEN MEDIA (димензии, материјал и сл.). Рекламниот материјал мора да биде доставен на SCREEN MEDIA како спремен на огласување (шема и составни делови, сложени-наредени) на рекламниот материјал од хартија, завршна изработка на ПВЦ рекламен материјал (преклопување, наведување-водилки сл.).
Секое задоцнување при предавање на готовиот рекламен материјал од страна на Коминтентот ја ослободува SCREEN MEDIA од одговорност за задоцнување при изложување на истиот, на закупениот рекламен простор.
б) Во случај да е договорено во договорот со Клиентот, SCREEN MEDIA во свое име, а за сметка на Клиентот, ќе изврши порачка на рекламниот материјал кај овластените печатници кои се специјализирани за производство на рекламен материјал за надворешно и внатрешно огласување во количина и формати спрема закупените рекламни простори и по нивното изготвување истите ќе ги преземе, односно ќе ја организира нивната дистрибуција и поставување на закупените рекламни простори на SCREEN MEDIA. Во тој случај, Коминтентот има
обврска да благовремено, најмалку 10 работни дена пред започнување надоговорениот период на закуп го предаде идејното решение кое е целосно во согласност со претходно доставените стандарди на SCREEN MEDIA. Во тој случај, SCREEN MEDIA гарантира изработка на рекламниот материјал во рок предвиден за огласување. SCREEN MEDIA нема одговорност и вина за задоцнување кое е резултат на доцнење на Клиентот во доставувањето на идејното решение или неусогласување на идејното решение со претходно доставените стандарди за подготвување на истото. Прегледување и контрола на

изгледот и квалитетот на рекламниот материјал врши овластено лице на Клиентот во рок од 24 часа од повикот за преглед.

Доколку во овој рок Клиентот не изврши преглед и контрола, ќе се смета дека изгледот и квалитетот на рекламниот материјал е одобрен. Во случај да Клиентот има забелешки на изгледот и квалитетот на рекламниот материјал, истите се одредуваат исклучиво според отпечатокот на боја од идејното решение(цолор прооф на цхромалин) кој Клиентот го предал на SCREEN MEDIA заедно со идејното решение.

**6.3.** Рекламните материјали кои се произведени односно обезбедени на било кој начин, се сопственост на Клиентот но во исклучиво владение на SCREEN MEDIA за цело времетраење на Договорот. По завршување на периодот на закуп, рекламниот материјал од хартија и пвц самолеплива фолија при отстранување од рекламниот простор се оштетува и уништува, а пвц рекламниот материјал од винил-месх се чува во магацинот на SCREEN MEDIA најмногу 1 месец по завршување на рекламната кампања, а потоа без претходно известување се расходува.

Рекламните материјали нема да бидат расходувани, во наведениот период, единствено во случај да Клиентот, во пишана форма, побара да се чуваат до наведениот момент на нивно преземање.

**6.4.** Клиентот не смее на рекламниот простор на SCREEN MEDIA да огласува рекламна кампања недозволена со закон и со неморална содржина. Во случај да SCREEN MEDIA за време на траење на рекламната кампања открие рекламен материјал на Клиентот недозволен со закон или со неморална содржина, веднаш ќе го повика да изврши промена на рекламниот материјал за огласување на рекламниот простор на SCREEN MEDIA, а ако Клиентот тоа не го стори, SCREEN MEDIA ќе го изврши отстранувањето на рекламниот материјал, а Клиентот го нема правото на рефундација на неискористениот период на закуп и е должен да ја плати договорената надокнада за закуп во целост и без одложување.

Клиентот одговара пред SCREEN MEDIA за целата штета која SCREEN MEDIA ќе ја претрпи поради огласување на рекламен материјал недозволен со закон и со неморална содржина(казни и сл.)

SCREEN MEDIA нема одговорност спрема Клиентот на било кој начин и за било каква штета која Клиентот евентуално би ја поднел поради недозволениот со закон и неморална содржина на својот рекламен материјал.
Клиентот се согласува на почитување на одредбите од Законот за огласување на РМ како и на другите правни прописи кои ја регулираат оваа материја. Во однос на тоа, Клиентот се обврзува најдоцна 2 дена пред започнување на договорената рекламна кампања да достави до SCREEN MEDIA правилно пополнета Декларација за огласување.

Доколку Клиентот, во горенаведениот рок не ја достави Декларацијата, рекламните материјали на Клиентот нема да бидат поставени на закупените рекламни простори на SCREEN MEDIA се додека Клиентот не ја достави Декларацијата. Во периодот додека Клиентот не ја достави Декларацијата, договорениот закуп не се прекинува, а Клиентот има обврска во договорениот рок да го подмири целосниот износ на закуп вклучувајки го и периодот на неогласување.

Клиентот нема право да побара надомест на штетата настаната во периодот на неогласување на рекламниот материјал, бидејки до тоа е дојдено исклучиво по вина на Клиентот (нема доставено Декларација).

## 7. НАДОМЕСТ И ПЛАЌАЊЕ

**7.1.** Коминтентот на SCREEN MEDIA ги плака следниве надоместоци:

- Надомест за закуп на рекламен простор
- Надомест за огласување инновате-а (само во случај на рекламни кампањи во кои се реализираат вакви проекти)
- Надомест за продукција на рекламните материјали
- Надомест за дополнителни услуги и оперативни трошоци на дополнително поставување и преместување на рекламниот материјал

## 7.2. НАДОМЕСТ ЗА ЗАКУП НА РЕКЛАМНИОТ ПРОСТОР

**7.2.1** SCREEN MEDIA ќе ги објави промените во ценовникот за огласување најмалку 2 (два) месеци пред нивната примена. Во случај на промена на цената Нарачателот може да ја откаже нарачката по писмен пат најдоцна 5 (пет) дена од примање на новиот ценовник.

**7.2.2.** За огласување на своите слободни рекламни простори SCREEN MEDIA одобрува посебни попусти:

- 50% попуст за театри, музеи, уметнички галерии, издавачки куќи, организатори на концерти за сериозна музика.
- 50% еко акции,
- за хуманитарни и други акции од државен интерес SCREEN MEDIA одобрува бесплатно огласување во согласност со слободните рекламни простори.

**7.2.3.** Висината на надоместот за закуп на рекламниот простор се одредува во договор со Коминтентот, врз основа на ценовникот на SCREEN MEDIA за изнајмување на огласен простор со важност на денот на склучување на Договорот. По претходно барање Коминтентот го добива ценовникот на SCREEN

MEDIA, износите од ценовникот се без попусти и без ддв.

**7.2.4.**Динамиката на исплата на надоместот за закуп на рекламниот простор во корист на SCREEN MEDIA се одредува во Договорот за закуп склучен со Коминтентот. Доколку на друг начин не е договорено, Коминтетот извршува плаќање врз основа на издадена фактура по завршување на закупот и тоа 100% во износ од фактурата, најдоцна во рок од 10 дена по завршување на рекламната кампања. Основа за плаќање на надоместот за закуп е договор или/и профактура.

**7.2.5.**Доколку SCREEN MEDIA од било која причина смета дека Коминтентот нема да ја исполни својата договорена обврска, SCREEN MEDIA има дискреционо право со Коминтентот да договори плаќање на надомест за закуп на рекламен простор во износ од 100% авансно врз основа на издадена профактура или да договори плаќање дефинирано во член 7.2.2. со обврска Коминтентот да издаде бланко меница гбез приговорг со уредно пополнето Овластување за пополнување на меница.

Во ваков случај SCREEN MEDIA има за право да не прифати огласување на рекламниот материјал на закупените рекламни простори во случај да надоместот за закуп на рекламниот простор не е платен авансно или ако Коминтентот не издаде бланко меница в без приговорг со уредно пополнето Овластување за пополнување на меница.

**7.2.6.**Сите плаќања од член 7.2.1. , 7.2.2. и 7.2.3. се зголемуваат за износот од ддв и дополнителните можни такси и други обврзувачки давачки на товар на Коминтентот. Во случај на зголемувања на овие давачки или воведување на нови настанати по склучување на Договорот, се обврска на Коминтентот.

**7.2.7.** За плаќање на целосниот износ 7 дена пред започнување на огласувањето, SCREEN MEDIA одобрува дополнителни 5% попуст.

## 7.3. НАДОМЕСТ ЗА ПРОДУКЦИЈА НА РЕКЛАМНИОТ МАТЕРИЈАЛ

**7.3.1**. Во случај да на друг начин не е предвидено во Договорот, Клиентот има обврска во случај на член 6.2.6. од овие општи услови, калкулативната вредност за продукција на рекламниот материјал наведена во Договорот, ја плати во целост, (100%) авансно во рок од 3 дена од склучување на Договорот, а евентуалната доплата по конечната пресметка на извршената работа во доставениот рок од фактурата кој изнесува 24 часа. Основа за
плаќање на надоместот за продукција на рекламниот материјал е Договор или/и фактура.

### 7.4. НАДОМЕСТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ И ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ НА ДОПОЛНИТЕЛНОТО ПОСТАВУВАЊЕ И ПРЕМЕСТУВАЊЕ НА РЕКЛАМНИОТ МАТЕРИЈАЛ

**7.4.1.** SCREEN MEDIA има право на надомест за дополнителна услуги и трошоци на повторно, односно дополнително поставување и преместување на рекламниот материјал согласно Договорот и овие општи правила. Надоместот се пресметува според ценовникот за дополнителни услуги на SCREEN MEDIA кои Комитентот ги добива по барање.

## 8. ПОСЛЕДИЦИ ПРИ ДОЦНЕЊЕ СО ПЛАЌАЊЕТО

**8.1.** Плаќањето на надомест е во согласност со Договорот.
**8.2**.Во случај Комитентот да не ја исполни обврската за плаќање на надомест врз основа на издадена профактура за авансно плаќање, SCREEN MEDIA се ослободува од обврска на огласување на рекламниот материјал на закупените рекламни простори, односно, ако Комитентот задоцни со плаќање во текот на рекламната кампања, SCREEN MEDIA има за право да го отстрани рекламниот материјал на Комитентот, се додека плаќањето по договор и фактури не се изврши целосно. По извршеното плаќање во целост, SCREEN MEDIA ќе го врати рекламниот материјал на рекламните простори, но само во рамките на договорениот период на закуп. Платениот аванс е неповратен.

**8.3.** Во сите случаи на доцнење на Комитентот со плаќање на надоместот , SCREEN MEDIA пресметува законска камата, доколку нешто не е на друг начин договорено.

**8.4.** SCREEN MEDIA може да не прифати склучување на нови договори со Клиенти кои не ги подмириле во целост своите долгови за претходни рекламни кампањи.

## 9. РЕКЛАМАЦИИ

**9.1**. Сите рекламации на Комитентот мораат да бидат доставени во писмена форма и тоа во одреден рок во зависност од видот на рекламацијата , а најдоцна во рок од 8 дена од започнување на рекламната кампања.
Рекламации на фактурите мораат да бидат доставени најдоцна во рок од 3 дена од издавање на истите. SCREEN MEDIA се обврзува сите рекламации доставени во рок да ги прегледа веднаш и без одложување. Сите рекламации кои не се

доставени во одредениот рок, нема да се земат во предвид.

## 10. ТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**10.1**. Под долготрајни договори се сметаат минимум тримесечни договори. Кај овие договори SCREEN MEDIA минимум 30 дена пред истек на Договорот ќе испрати писмено известување / потсетување за датумот на завршување на договорот со молба Клиентот најдоцна во рок од 45 дена пред истек на закупениот рок, се изјасни дали ќе го продолжи договорот или не. Во случај да клиентот не се изјасни во наведениот рок, договорот ќе се смета продолжен под исти услови.

**10.2.** Доколку на друг начин не е договорено со клиентот, договорите се склучуваат на одредено време и престануваат со целосно исполнување на договорените обврски на двете договорни страни.

**10.3.** Во случај SCREEN MEDIA да ја исполни на време својата обврска, а Коминтентот не ја исполни својата обврска за плаќање на надоместот, делумно или во целост, договорот престанува со истекот на договорениот период за закуп на рекламниот простор, освен оние негови одредби со кои се утврдени обврските на Клиентот за плаќање на надомест и истите имаат важност и по истекување на договорот се до конечно извршување на обврските на плаќање на сите договорени надоместоци и евентуални камати од страна на Клиентот во целост.

**10.4.** Периодите на закуп на рекламниот простор договорени со Клиентот, може да се продолжат со склучување на писмен анекс, со прецизирање на дополнителни временски периоди на закуп, со истовремено договарање на надомест и услови на плаќање.

**10.5.** Договорен прекин на договорот од двете страни, е дозволен во секое време, а еднострано раскинување на договорот не е дозволено, единствено во околности од член 11 од овие општи правила.

## 11. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**11.1.** Поради прекршување и неисполнување на одредбите од Договорот, договорната страна може веднаш да го раскине овој договор со писмено известување до другата договорна страна и тоа без надомест во случаи:

а) да другата страна го прекршува договорот и во рок од 10 дена од денот на прием на писменото известување за прекршување на договорот, не презема ништо во врска со истото;

б) стечај, стечаен управител, или ликвидирање на другата договорна страна, превземање на нејзините средства во корист на доверителите,

ц) да е донесен или усвоен било каков закон, одлука или пропис на територија на град Скопје и Маќедонија по чие дејство овој Договор е неважечки.

## 12. ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**12.1.** Одредбите на оваа клаузула се применуваат во случај на прекин на Договорот од било која причина.

**12.2.** SCREEN MEDIA веднаш ќе ги врати на Комитентот во владение и на располагање сите документи и идејни решенија кои се користат за печатење на рекламните материјали.
Под услов Комитентот да ги подмирил сите доспеани плаќања од Договорот пред датумот на неговото истекување, SCREEN MEDIA на Комитентот ќе врати сразмерен дел од однапред платениот, а неискористен период на закуп со тоа што уплатениот аванс не се враќа во било кој случај на прекин на договорот.

## 13. ПОДЕЛБА НА ДОГОВОРОТ / ОПШТИТЕ УСЛОВИ

**13.1.** Неважноста или поништувањето на одредени одредби на договорот склучен со Клиентот, нема да има влијание на важноста на останатите одредби од договорот односно на договорот во целост доколку истиот може да постои без таквите одредби и доколку тие не претставуваат главни причини и единствена цел за негово склучување.

**13.2.** Неважноста или поништувањето на одредени одредби од овие општи услови нема да влијае на полноважноста на останатите одредби, односно општите услови во целост, кои во останатиот дел остануваат со важност и се применуваат во работата на SCREEN MEDIA.

## 14. СЛУЧАИ НА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА SCREEN MEDIA

**14.1.** SCREEN MEDIA не одговара кон Комитентот на било кој начин за неисполнување или неуредно исполнување на своите обврски во случај кога до истите се резултат на неуредно исполнување на обврските од страна на Комитентот, или поради дејство на ввишаг сила.
Под ввишаг сила се подразбира: земјотрес, поплава, пожар, временска непогода, дефект на електрична инсталација и мрежа, прекин на испорака на електрична енергија-рестрикција на струја , оштетување или уништување на рекламниот простор при сообраќајни несреќи, и/или штетни дејствија од непознати причинители, војна, улични демонстрации, дејствија на власта и сите други случувања чие дејство не би можело да се предвиди, избегне или отстрани.

**14.2.** Посебен случај на ослободување од одговорност на SCREEN MEDIA е за евентуално неуредно извршување на договорените обврски во текот на траење на предизборни кампањи и тоа 30 дена во текот на календарската година. Во овој период, SCREEN MEDIA го задржува правото на измена на договорениот период на огласување на рекламните кампањи на Клиентот и не е одговорен за штетата која Клиентот евентуално би ја претрпил поради поместувањето на рекламната кампања на Клиентот поради користење на рекламните простори на SCREEN MEDIA за потреби на предизборни кампањи.

Во текот на овој период SCREEN MEDIA на сите неполитички огласувачи ќе им го признае периодот на неогласување кој ќе се надокнади по завршување на предвидениот период од 30 дена, според распоредот кој ќе го одреди SCREEN MEDIA.

## 15. ИЗВЕСТУВАЊА

**15.1.** Сите известувања и други дописи кои договорните страни ги доставуваат една кон друга се испраќаат:
-однапред платено препорачано писмо упатено на адреса од договорот на договорната страна на која треба да и се достави, се смета за правилно И успешно доставено 3 дена за Скопје, 4 дена за Македонија од моментот кога писмото е пратено по поштенските правила на Македонија;
-факсимил упатен на број на факс од меморандумот / визит карта на договорната страна на која треба да и се достави известувањето, и се смета за правилно и успешно доставено 24 часа од моментот кога дописот е пратен по факс при што е доволен доказ факс-исечок-потврда;
-е-маил упатен на е-маил адреса на другата договорна страна наведена на меморандум или друга деловна документација од договорната страна, и се сметаат за доспеани во рок од 24 часа од испраќањето, со доказ во согласност со компјутерскиот програм на праќање на електронска пошта.

## 16. ПРАВО И СУДСКА НАДЛЕЖНОСТ

**16.1.** На се што не е регулирано со договорот и со овие општи услови на работење, ќе се применат одредбите на Законот за облигациони односи.
**16.2.** Во случај на спор кој договорните страни не можат да го решат спогодбено, надлежен е Основниот Суд во Скопје.

## 17. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА

**17.1.** Сите измени или/и дополнувања на договорот кои не се наведени во писмена форма и потпишани од страна на овластени лица од двете договорни страни немаат никакво правно дејствие.

## 18. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**18.1.** Овие Општи услови на работење на SCREEN MEDIA се усвоени со одлука на директорот на SCREEN MEDIA од 01.јануари 2009 дина и се со важност веднаш по нивното донесување.

**18.2.** Со стапување на сила на овие општи услови на работење на SCREEN MEDIA, престануваат да важат претходно донесените Општи услови на рекламирање на рекламните простори на SCREEN MEDIA.